# Дневна хемеротека за *11.12.2015г.*

## МИА – *Изаири: намалување на даноците за еколошките возила за намалување на стакленичките гасови*

ПЕТОК, 11 ДЕКЕМВРИ 2015, 11:01:25

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија

**Изаири:Намалување на даноците за еколошките возила за намалување на стакленичките гасови**

Препорачај 0

четврток, 10 декември 2015 12:50



**Скопје, 10 декември 2015 (МИА)** - Создавање поволни услови за развивање и спроведување национална политика за економија на гориво во Република Македонија е главната цел на проектот за стабилизирање на емисиите на стакленички гасови од патниот сообраќај преку двојно намалување на потрошувачката на гориво, кој денеска беше презентиран пред преставници на Националната работна група од повеќе институции во државата.

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири на отворањето на состанокот истакна дека Министерството преку изработката на Националниот план за климатски промени го препозна транспортот како еден од поважните сектори што влијаат на емисиите на стакленички гасови.

- Податоците покажуваат дека секторот транспорт учествува со 25 проценти во вкупната побарувачка на енергија. Спрема развојните сценарија за побарувачката на енергија, трошоците за обезбедување на потребната енергија и емисиите на стакленички гасови во различни развојни сценарија до 2050 година, најголемо загадување на потрошувачката на финална енергија се очекува во секторот транспорт, околу 172 отсто, односно се очекува емисиите на ЦО2 во транспортот да порасат над 140 проценти, рече Изаири.

Нагласи дека намалувањето на стакленичките гасови од транспортот може да се регулира преку регулаторни и фискални мерки што ќе поттикнат купување и употреба на еколошки и енергетски ефикасни аевтомобили. Како пример, рече министерот, намалување на даноците за купување нов еколошки автомобил, а зголемување за другите автомобили.

Проектот предвидува четири компоненти. Првата и појдовна е анализа, односно сценарио за национална економија на гориво, преглед на националното законодавство, сегашната политика...Компонентата два предвидува подобрување на политиките преку преглед и подготовка на документ на економија на горива, како и негово доставување до институциите на Владата. Со третата компонента ќе се опфати развивање на капацитети преку обука на службениците и носителите на одлуки од национални институции, а четвртата предвидува организирање национални ТВ дебати со цел да се популизира економијата на гориво пред јавноста. **бк/скс/12:50**

## Утрински - *Изаири: Намалување на даноците за еколошките возила за намалување на стакленичките гасови*

Утрински весник

### ИЗАИРИ: НАМАЛУВАЊЕ НА ДАНОЦИТЕ ЗА ЕКОЛОШКИТЕ ВОЗИЛА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СТАКЛЕНИЧКИТЕ ГАСОВИ



Создавање поволни услови за развивање и спроведување национална политика за економија на гориво во Република Македонија е главната цел на проектот за стабилизирање на емисиите на стакленички гасови од патниот сообраќај преку двојно намалување на потрошувачката на гориво, кој денеска беше презентиран пред преставници на Националната работна група од повеќе институции во државата.

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири на отворањето на танокот истакна дека Министерството преку изработката на Националниот план за климатски промени го препозна транспортот како еден од поважните сектори што влијаат на емисиите на стакленички гасови.

- Податоците покажуваат дека секторот транспорт учествува со 25 проценти во вкупната побарувачка на енергија. Спрема развојните сценарија за побарувачката на енергија, трошоците за обезбедување на потребната енергија и емисиите на стакленички гасови во различни развојни сценарија до 2050 година, најголемо загадување на потрошувачката на финална енергија се очекува во секторот транспорт, околу 172 отсто, односно се очекува емисиите на ЦО2 во транспортот да пораснат над 140 проценти, рече Изаири.

Нагласи дека намалувањето на стакленичките гасови од транспортот може да се регулира преку регулаторни и фискални мерки што ќе поттикнат купување и употреба на еколошки и енергетски ефикасни аевтомобили. Како пример, рече министерот, намалување на даноците за купување нов еколошки автомобил, а зголемување за другите автомобили.

Проектот предвидува четири компоненти. Првата и појдовна е анализа, односно сценарио за национална економија на гориво, преглед на националното законодавство, сегашната политика...Компонентата два предвидува подобрување на политиките преку преглед и подготовка на документ на економија на горива, како и негово доставување до институциите на Владата. Со третата компонента ќе се опфати развивање на капацитети преку обука на службениците и носителите на одлуки од национални институции, а четвртата предвидува организирање национални ТВ дебати со цел да се популизира економијата на гориво пред јавноста.

## Телма - *Изаири:Намалување на даноците за еколошките возила за намалување на стакленичките гасови*

Создавање поволни услови за развивање и спроведување национална политика за економија на гориво во Република Македонија е главната цел на проектот за стабилизирање на емисиите на стакленички гасови од патниот сообраќај преку двојно намалување на ...

## Макфакс - *Почетен состанок на проектот за намалување на емисиите на СО2 од транспортниот сектор*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири се обрати на отворањето на почетниот состанок на проектот “Стабилизирање на емисиите на стакленички гасови од патниот сообраќај преку двојно намалување на потрошувачката на гориво: ...

## Либертас - *Изаири:Намалување на даноците за еколошките возила за намалување на стакленичките гасови*

Создавање поволни услови за развивање и спроведување национална политика за економија на гориво во Република Македонија е главната цел на проектот за стабилизирање на емисиите на стакленички гасови од патниот сообраќај преку двојно намалување на ...

## Lider - *Изаири: Намалување на даноците за еколошките возила за намалување на стакленичките гасови*

Создавање поволни услови за развивање и спроведување национална политика за економија на гориво во Република Македонија е главната цел на проектот за стабилизирање на емисиите на стакленички гасови од патниот сообраќај преку двојно намалување на ...

## 24 Вести - *Изаири: Намалување на даноците за еколошките возила за намалување на штетните гасови*

Создавање поволни услови за развивање и спроведување национална политика за економија на гориво во Македонија е главната цел на проектот за стабилизирање на емисиите на стакленички гасови од патниот сообраќај преку двојно намалување на

**Tetova Sot - *Takimi fillestar i projektit që do të kontriuboj për zvogëlimin e emetimit të CO2 nga sektori i transportit***

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Takimi fillestar i projektit që do të kontriuboj për zvogëlimin e emetimit të CO2 nga sektori i transportit




10/12/2015

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, mbajti fjalim në hapjen e takimit fillestar të projektit "Stabilizimi i emetimit të gazrave serrë nga trafiku rrugor përmes zvogëlimit të dyfishtë të shpenzimit të karburantit: zbatimi rajonal i nismës globale për ekonominë e karburantit".

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, përmes hartimit të Planit të tretë nacional për ndryshimet klimatike si dhe Kontributeve nacionale për ndryshimet klimatike në përpjekjet globale për zvogëlimin e emetimit të gazrave serrë, transportin e sheh si një ndër sektorët më të rëndësishëm që ndikojnë në emetimin e gazrave serrë. Sipas skenarëve zhvillimor për kërkesën e energjisë, kostos për sigurimin e energjisë së nevojshme dhe emetimeve të gazrave serrë në skenarë të ndryshëm zhvillimor deri në vitin 2050, pritet që emetimet e CO2 në transport të rriten mbi 140%.

Qëllimi i projektit "Stabilizimi i emetimit të gazrave serrë nga trafiku rrugor përmes zvogëlimit të dyfishtë të shpenzimit të karburantit: zbatimi rajonal i nismës globale për ekonominë e karburantit" është që të kontribuoj për zvogëlimin e emetimit të CO2 nga ana e sektorit të transportit (automjetet e lehta) në Maqedoni, përmes hartimit të një politikë praktike nacionale për përtëritjen e makinave, si dhe të ndihmojë gjatë përgatitjes së regjistrit të automjeteve në vend sipas llojit të karburantit, klasifikimit EURO konkret, shpenzimit mesatar dhe kilometrazhit vjetor për makinë-deklaroi ministri Izairi në fjalimin e tij.

Projekti zbatohet nga UNEP–GEF në bashkëpunim me Qendrën rajonale të mjedisit jetësor – Zyra në Maqedoni, ndërsa shfrytëzuese kryesore është Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, e cila së bashku me rafinerinë OKTA e siguroi bashkëfinancimin nacional të projektit.







## Idividi - *Izairi: Zvogëlimi i tatimeve për automjetet ekologjike për zvogëlimin e gazrave të qelqtë*

Krijimi i kushteve të volitshme për zhvillimin dhe zbatimin e politikave kombëtare për ekonominë e lëndëve djegëse në Republikën e Maqedonisë është qëllimi kryesor i projektit

# МИА – *Изаири: Покрај возилата, и домаќинствата најголеми загадувачи*

ПЕТОК, 11 ДЕКЕМВРИ 2015, 11:08:15

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија | Изаири: Покрај возилата, и домаќинствата најголеми загадувачи

## Изаири: Покрај возилата, и домаќинствата најголеми загадувачи

Препорачај 0

четврток, 10 декември 2015 15:11



**Скопје, 10 декември 2015 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска изјави дека, според најновите истражувања, едни од најголемите загадувачи на воздухот, покрај возилата, се и домаќинставата.

Одговорајќи на новинарски прашања по потпишувањето аа Договорот за спроведување на ИПА проектот за рехабилитација на канализациската мрежа во Куманово, Изаири рече дека е запознаен со проблемот со загадувањето, но Министерството не е ангажирано на решавање на само еден проблем, туку е надлежно и се ангажира на повеќе проблеми и на нивно решавање чекор по чекор.

Според него, има некои мерни станици во државата кои не се во функција поради недостиг на некои делови, но јавната набавка ќе заврши. - Некои мерни станици се стари, а ние размислуваме за следната година. Освен да се поправат и обноват со нови мерни инструменти ќе имаме и пософистицирани мерни апарати и ќе ја прошириме низ целата држава, рече Изаири.

Тој е запознаен, како што нагласи, и со тоа дека во Куманово не функционира мерната станица, но во брзо време, веднаш по јавниот повик за дотур на елементи кои недостигаат, повторно ќе биде ставена во функција. **ам/мч/15:09**

## Канал5 - ***Изаири: Покрај возилата, и домаќинствата најголеми загадувачи***

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска изјави дека, според најновите истражувања, едни од најголемите загадувачи на воздухот, покрај возилата, се и домаќинставата.

## Сител - ***Изаири: Покрај возилата, и домаќинствата најголеми загадувачи***

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска изјави дека, според најновите истражувања, едни од најголемите загадувачи на воздухот, покрај возилата, се и домаќинставата.

## Нетпрес - ***Изаири: Покрај возилата, и домаќинствата се најголеми загадувачи***

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска изјави дека, според најновите истражувања, едни од најголемите загадувачи на воздухот, покрај возилата, се и домаќинставата.

## Либертас - ***Изаири: Покрај возилата, и домаќинствата се меѓу најголемите загадувачи***

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска изјави дека, според најновите истражувања, едни од најголемите загадувачи на воздухот, покрај возилата, се и домаќинстават

## Idividi - *Izairi: Krahas automjeteve, edhe amvisëritë ndotës më të mëdhenj*

# Izairi: Krahas automjeteve, edhe amvisëritë ndotës më të mëdhenj

G+1 0 Tweet Më pëlqen Shpërndaje 0

Shkup, 10 dhjetor 2015 (MIA) - Ministri i Ambientit të Jetesës dhe Planifikimit Hapsinor Nurhan Izairi sot deklaroi se, sipas hulumtimeve më të reja, një nga ndotësit më të mëdhenj të ajrit, krahas automjeteve, janë edhe amvisëritë.

Duke iu përgjigjur pyetjes së gazetarëve pas nënshkrimit të Marrëveshjes për zbatimin e IPA projektit për rehabilitimin e rrjetit kanalizues në Kumanovë, Izairi tha se është i njoftuar me problemin e ndotjes, por Ministria nuk u angazhua në zgjidhjen e vetëm një problemi, por është kompetente dhe angazhohet në më shumë probleme dhe në zgjidhjen e tyre hap pas hapi.

Sipas tij, ka disa stacione matëse në shtet, të cilat nuk janë në funksion për shkak të mungesës së disa pjesëve, por furnizimi publik do të përfundojë.

"Disa stacione matëse janë të vjetra, e ne mendojmë për vitin e ardhshëm. Nëse riparohen dhe përtëriten me instrumente të reja matëse, do të kemi aparate më të sofistikuara matëse dhe do ta përhapim nëpër tërë shtetin", tha Izairi.

Ai u njoftua, siç tha, edhe me atë se në Kumanovë nuk funksionon stacioni matës, por për kohë të shpejtë, menjëherë pas thirrjes publike për furnizim të elementeve të cilat mungojnë, sërish do të jetë në funksion.

## МИА – *Потпишан Договор за рехабилитација на канализациската мрежа во Куманово*

ПЕТОК, 11 ДЕКЕМВРИ 2015, 11:05:12

МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија | Потпишан Договор за рехабилитација на канализациската мрежа во Куманово

### Потпишан Договор за рехабилитација на канализациската мрежа во Куманово

Препорачај 0

четврток, 10 декември 2015 14:58



**Куманово,10 декември 2015 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, градоначалникот на општина Куманово Зоран Дамајновски и директорот на ЈП „Водовод" Горан Стојковски денеска во Куманово го потпишаа Договорот за спроведување на ИПА проектот „Рехабилитација и проширување на канализациската мрежа во Куманово".

Проектот вреден пет милиони евра, предвидува рехабилитација и проширување на канализациската мрежа во Куманово во должина од 26 километри.

- Проектот ќе се реализира за околу 18 месеци и ќе заврши пред крајот на 2017 година. Средствата се од ИПА, но има и околу 20 проценти од буџетот на државата, рече Изаири и додаде дека проблеми со отпадот има и веќе се решаваат.

За почиста животна средина, ангажаманот, нагласи, не се однесува само на една локација или еден вид загадување. - Нашиот ангажман целосно е определен за да имаме почист воздух, но за жал го немаме, се трудиме да имаме почисти води, да можеме со нив да имаме почиста почва, посочи Изаири.

Според градоначалникот Дамјановски, проектот ќе почне со реализација за десет до петнаесет дена. - Проектот делува позитивно во две насоки, во однос на еколошкото влијание бидејќи општината е единствена во државата каде има фабрика за прочистување отпадни води и правиме комплетно колекција на отпадните води, како и во однос на подобрување на инфраструктурата, бидејќи паралелно со изградба и рехабилитација на канализациската мрежа добиваме и санација на патната инфраструктура во делови каде има изведба на работите, подвлече Дамјановски.

Директорот на ЈП „Водовод" Горан Стојковски изјави дека краен бенефит ќе имаат граѓаните на општина Куманово кои ќе добијат модерна и функционална нова мрежа и ревитализирана стара мрежа.

Одговарајќи на новинарски прашања, Дамјановски рече дека Куманово има 185 километри канализациска мрежа и дека досега се изградени 140 километри, а овој проект ќе опфати 26 километри, додека со други проекти кои треба да се реализираат и да се моделираат од Светска банка, Владата, Министертсвото за транспорт ќе има регулирање на приближно осум километри нова мрежа во приградските и селски населби и со проект од милион и 600.000 евра за заштеда на вода. Тој дека Куманово има пречистителна станица, гасификација и подготвена т.н зелена програма. **ам/мч/14:46**

## Кумановски м. - *Ќе се проправи мерната станица за квалитетот на воздухот во Куманово (видео)*

КУМАНОВСКИ МУАБЕТИ

# Ќе се проправи мерната станица за квалитетот на воздухот во Куманово (видео)

**Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири при денешната работна посета во општина Куманово најави решавање на проблемот со мерната станица за квалитетот на воздухот.**

Одговарајќи на новинарско прашање Изаири истакна дека е запознаен со проблемот и наскоро истиот ќе биде решен, откако ќе се заврши јавниот повик за набавка на елементи за фунцкионирање на мерните станици.

> *Размислуваме следната година освен да ги попарвиме тие мерни станици што се стари, да имаме и пософистицирани мерни апарати и ќе ја прошириме мрежата низ целата држава – истакна минитстерот Изаири.*



**Almakos - [Nënshkruhet marrëveshja për rikonstruksionin dhe zgjerimin e rrjetit të kanalizimit në Kumanovë]**

almakos

# Nënshkruhet marrëveshja për rikonstruksionin dhe zgjerimin e rrjetit të kanalizimit në Kumanovë

2015/12/10 20:43

Shpërndaje në Facebook | Cicëroje në Twitter



Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, kryetari i komunës së Kumanovës Zoran Damjanovski dhe drejtori i NP "Ujësjellësi"– Kumanovë, Goran Stojkovski, sot nënshkruan marrëveshjen për zbatimin e projektit IPA "Rehabilitimi dhe zgjerimi i rrjetit të kanalizimit në komunën e Kumanovës".
Në kuadër të realizimit të projektit infrastrukturor, i cili do të fillojë në janar të vitit 2016 dhe do të zgjasë 18 muaj me 12 muaj periudhë garantuese, do të bëhet rehabilitimi dhe zgjerimi i rrjetit të kanalizimit në Kumanovë në gjatësi prej 26 kilometrash, ndërsa vlera e

përgjithshme e projektit është 5 milionë euro.

Këtë projekt do ta realizojë Ministria, në bashkëpunim me komunën e Kumanovës. Mjetet financiare janë siguruar përmes Instrumentit të BE-së për ndihmë paraqasëse (IPA), ndërsa projekti është bashkëfinancuar nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë.



## МИА – Договор за изградба на канализациска мрежа во Берово и колекторски систем во Пехчево

ПЕТОК, 11 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:45:00

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

### Договор за изградба на канализациска межа во Берово и колекторски систем во Пехчево

Препорачај 0

среда, 09 декември 2015 15:44




**Скопје, 9 декември 2015 (МИА)** - Договор за спроведување на ИПА проектот „Рехабилитација и проширување на канализациската мрежа во општина Берово" денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалниците на општините Берово и Пехчево, Драги Наџински, Игор Поповски.

Проектот предвидува собирање на урбаните отпадни води, изградба и решавање на проблеми со канализациските мрежи, како и изградба на колекторски систем и одведување на отпадните води од Пехчево во пречистителната станица за отпадни води во Берово.

Министерот Изаири потенцира дека проектот има исклучително национално значење за заштита на животната средина кој ќе придонесе директно за заштитата на водите од беровско-пехчевскиот регион.

Според градоначалникот Поповски проектот за Пехчево е од големо значење, бидејќи, како што рече, меѓу другото ќе се реши и проблемот со загадената фекална река со одведување на водите во пречистителната станица во Берово.

Вкупната вредност на инфраструктурниот проект изнесува 5 милиони евра, со кои ќе се изврши рехабилитација и проширување на канализациската мрежа во Берово во должина од 33 километри и изградба на колекторски систем од Пехчево до Берово и поврзување со пречистителната станица. **бк/дма/15:43**